**20111603537**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 20 став (1) алинеја 5 а во врска со член 90 став (1) точка 1) од Законот за безбедност на храна ("Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10 и 53/11), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ МЕСТА НА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ЗА УВОЗ НА ХРАНА ОД НЕЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Член 1

Со ова решение се определуваат инспекциските места на граничен премин за проверка и преглед на пратки со храна од неживотинско потекло кои се увезуваат во Република Македонија.

Член 2

(1) Инспекциските места на граничен премин се определуваат за проверка и преглед на пратки со храна од неживотинско потекло, како инспекциски места на копнен (патен и железнички) и аеродромски граничен премин.

(2) Инспекциските места на граничен премин од став (1) на овој член се дадени во Прилогот кој е составен дел на ова решение.

Член 3

Пратките со храна од неживотинско потекло кои влегуваат во територијата на Република Македонија преку граничните премини Табановце и Блаце со копнен железнички сообраќај, при увоз се прегледуваат на железничкиот граничен премин железничка станица Трубарево.

Член 4

Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-5032/3
16 ноември 2011 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски,** с.р.

**Прилог**

**Инспекциски места на граничен премин во Република Македонија за храна од неживотинско потекло**

| Назив | Тип на определба |
|---|---|
| Аеродром Александар Велики | A |
| Аеродром Охрид | A |
| Блаце | R |
| Богородица | R |
| | F |
| Деве Баир | R |
| Делчево | R |
| Меџитлија | R |
| Ново Село | R |
| Табановце | R |
| Ќафасан | R |
| Железничка станица Трубарево | F* |

**Легенда:**
A = аеродромски граничен премин
F = железница
P = пристаниште
R = патен граничен премин
* се однесува и за пратки храна од неживотинско потекло, кои со копнен железнички сообраќај се увезуваат преку граничните премини Табановце и Блаце